АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ



# УПАТСТВО

## ЗА КОРИСНИЦИ НА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2010 ГОДИНА

*Февруари, 2010 година*

**ВОВЕД** ........ **1**

ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА ........ 1
Што се финансира со мерките од Програмата? ........ 1
Што нема да се финансира со мерките од Програмата? ........ 1
Исплата на средства? ........ 1

**НАЧИН НА КО-ФИНАНСИРАЊЕ** ........ **2**

ОПШТИ ПРИНЦИПИ ........ 2
ОСТАНАТИ ПРИНЦИПИ ........ 3

**МЕРКИ НА КО-ФИНАСИРАЊЕ** ........ **4**

ПОСТАПКА ПРЕД ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ........ 5
МЕРКА 1 - ИНВЕСТИЦИИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТ А И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА ........ 5
МЕРКА 2 - ИНВЕСТИЦИИ ЗА ДОРАБОТКА, ПРЕРАБОТКА, СКЛАДИРАЊЕ, ПАКУВАЊЕ И МАРКЕТИНГ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ ........ 11
МЕРКА 4 - ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ . 16
ПОСТАПКА ПО ПОТПИШУВАЊЕ НА ДОГОВОР ........ 20

**ГЕНЕРАЛНИ НАПОМЕНИ** ........ **22**

ПРИЛОЗИ ........ 25
ПРИЛОГ 1 – МОДЕЛ НА ДОГОВОР ........ 25
ПРИЛОГ 2 – ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ КОИ СЕ ДОСТАВУВААТ СО БАРАЊЕТО ЗА ИСПЛАТА ........ 31
ПРИЛОГ 3 – ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОГОВОРИТЕ ........ 32

1

# ВОВЕД

Ова Упатство има за цел запознавање на корисниците со целта, начинот на спроведување и намената на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година, вклучително и објаснување на процесот на одобрување на барањата и потребните документи кои треба да се достават.

## ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година претставува збир на мерки за спроведување на политиката за рурален развој која се стреми кон зголемување на конкурентноста и модернизација на земјоделското производство, постигнување на квалитетна и безбедна храна, оддржливо управување со природните ресурси и подобрување на условите за живот во руралните средини и руралната економија. Програмата ги почитува барањата на современата земјоделска политика на Европската Унија во поглед на мултифункционалната карактеристика на земјоделското производство, со особен осврт кон зачувување на животната средина и одржување на пределите, зачувување на биодиверзитетот, креирање на нови извори на приход на руралната популација, примена на нови технологии за производство на високо вредни и прифатливи производи од потрошувачите, производство на традиционални производи.

## Што се финансира со мерките од Програмата?

Овие мерки се насочени кон финансирање на капитални инвестиции и финансирање на оперативни и материјални трошоци. Во одредени случаи се финансираат и трошоците за изработка на градежни или електрификациски проекти. Финансиската поддршка се однесува исклучиво на инвестиции кои се наведени како прифатливи инвестиции во рамки на секоја мерка, односно поддмерка одделно.

## Што нема да се финансира со мерките од Програмата?

Со мерките од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година нема да се финансираат јавните давачки по основ на даноци, јавни царински давачки и складиштење, судски такси, лизинг, закупнина, осигурителни премии и надомест за социјално, здравствено и пензиско-инвалидско осигурување.

## Исплата на средства?

Исплатата на средствата за мерките дефинирани во оваа Програма ја врши Агенцијата во висина на вредност на прифатливи трошоци со исклучок на даноци, јавни царински давачки и складиштење, судски такси, лизинг, закупнина, осигурителни премии и надомест за социјално, здравствено и пензиско-инвалидско осигурување.

2

# НАЧИН НА КО-ФИНАНСИРАЊЕ

## ОПШТИ ПРИНЦИПИ

Финансирањето од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година се врши врз основа на одобрено барање за користење средства од Програмата и склучен Договор за финансиска поддршка за одобрена инвестиција. Исплата на средства се врши по целосна реализација на инвестицијата која мора да е во согласност со Договорот за финансиска поддршка. Корисникот на Програмата во целост е одговорен за реализација на одобрената инвестиција.

Финансиската поддршка се исплаќа по принцип на ко-финансирање на реализирани и исплатени инвестиции од страна на корисникот во висина од 50% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци.

За Мерка 1 ставката на ко-финансирање се зголемува во одредени случаи, и изнесува:

- 55% од вредноста на одобрената инвестиција, за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување на инвестицијата или жена носител на земјоделско стопанство;
- 60% од вредноста на одобрената инвестиција, за инвестиции во земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје;
- 65% од вредноста на одобрената инвестиција, за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување или жена носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско-рурално подрачје.

За Мерка 2 ко-финансирањето на завршени и исплатени инвестиции е во висина од 50% од вредноста на одобрената инвестиција.

За Мерка 4 се исплаќаат средства во висина од 100% од прифатливите трошоци за реализација на предвидените активности согласно условите и рокот предвиден за реализација во Договорот за финансиска поддршка за рурален развој.

Доделената финансиска поддршка е неповратна.

## ОСТАНАТИ ПРИНЦИПИ

- **Принцип на единечно финансирање** – Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година финансира типови на инвестиции кои не се финансираат од други грант фондови, од Буџетот на Република Македонија или други фондови од донаторски или финансиски институции, а се со цел да се избегне двојно финансирање на самата инвестиција.
- **Користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година** – Овој принцип значи дека еден корисник не може да поднесе барање за користење средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година, за ист тип инвестиции, за кои се исплатени од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2009 година.
- **Принцип на грант** – Поддршката по овој основ подразбира доделување на неповратни финансиски средства (грант) од Буџетот на Република Македонија.
- **Принцип на видливост** – Корисникот е должен во рок од 5 години да има истакнато налепница или натпис на инвестицијата со која означува дека инвестицијата е ко-финасирана со средства од Програмата. Агенцијата ги доделува налепниците и натписите на корисникот заедно со решението за исплата. Доколку настане оштетување на истите, корисникот е должен да ја извести Агенцијата при што контролорите ќе извршат увид ќе доделат нова ознака.

3

# МЕРКИ НА КО-ФИНАСИРАЊЕ

1. **Мерка 1 - Инвестиции за подобрување на конкурентност и модернизација на земјоделски стопанства,** со цел модернизација на технолошките аспекти на примарното растително и сточарско земјоделско производство.
2. **Мерка 2 - Инвестиции за доработка, преработка, складирање, пакување и маркетинг на земјоделски производи,** со цел примена на модерни технологии во малите и средни претпријатија кои се занимаваат со преработка на земјоделски производи за да се подобри продуктивноста на земјоделско-прехранбениот сектор од аспект на имплементација на стандардите за квалитет и безбедност на храната и воведување на нови ефикасни производни линии.
3. **Мерка 4 - Финансиска поддршка на промотивни активности за развој на рурален туризам**, е наменета за изработка на брошури, мапи, книги со историски факти за локалитети и знаменитости и книги за традиционални одбележја и културно наследство, одбележување на културни и природни знаменитости во рурални средини и рурални сместувалишта и изградба на пешачки и велосипедски патеки во рурални средини.

4

# ПОСТАПКА ПРЕД ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ

## МЕРКА 1 - ИНВЕСТИЦИИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТ А И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА

### Мерка 1.1 Инвестицииво модернизација на лозарството, овоштарството и градинарството (на отворено)

ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ

- набавка на трактори до 95КС, култиватори и мото-култиватори;
- набавка на опрема и приклучна механизација за припрема на почва, за садење, за берење, за пакување и складирање на свежи производи;
- набавка на генератори и агрегати за обезбедување на енергија за работа на компјутери за контрола на наводнување;
- набавка на елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на опрема и механизација;
- услуги за вршење на градежни работи и монтажа и инсталација на опрема;

### Мерка 1.2 Инвестиции за модернизација на одгледување на житни култури

ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ

- набавка на трактори;
- набавка на приклучна механизација;
- набавка на опрема за конструкција на силоси и опрема за контрола на влажност и опрема за чување на житните култури;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на опрема и механизација;
- услуги за вршење на градежни работи и монтажа и инсталација на опрема;

### 1.3 Инвестиции за модернизација на производството на индустриски култури (маслодајни, фуражни култури, тутун) вклучително и производство на компир

ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ

- набавка на трактори;

- набавка на опрема и приклучна механизација за припрема на почва, за садење, за берење и собирање
- набавка на опрема за конструкција на силоси и опрема за контрола на влажност и опрема за чување
- набавка на опрема за постбербени активности на суров тутун
- набавка на елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување и сушење на тутун и опрема за сушење
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на опрема и механизација
- услуги за вршење на градежни работи и монтажа и инсталација на опрема.

## 1.4 Инвестиции за одгледување на цвеќе и украсни дрва и растенија

ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ

- услуги за изработка на проект и техничка документација за градба
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција од метал или алуминиум вклучително и прекривки од стакло или пластична прекривка ;
- набавка на опрема за комунална инфраструктура и снабдување со електрична енергија;
- набавка на опрема за микро-климатски услови во оранжериии;
- набавка на култиватори или мото-култиватори;
- набавка на опрема и приклучна механизација за припрема на почва, за садење и за берење;
- набавка на опрема за системи за наводнување и придружен компјутерски софтвер
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на опрема и механизација
- услуги за вршење на градежни работи и монтажа и инсталација на опрема ;

## 1.5 Инвестиции во одгледување на говеда за тов (вклучително и телиња од систем крава-теле)

ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ

- услуги за изработка на проект и техничка документација за градба
- набавка на градежни материјали и елементи за градба за реконструкција и проширување на објекти за одгледување на говеда за тов
- набавка на опрема за опрема за подготовка на мешавини за исхрана и складирање на добиточна храна и проверка на квалитетот ;
- набавка на опрема за системи за поење и хранење;
- набавка на опрема за оградување на просторот за одгледување и испуст
- набавка на опрема за чистење на просторот за одгледување на добиток складирање и транспорт
- набавка на градежни материјали или елементи за конструкција на резервоари или платоа за складирање на арско ѓубриво
- услуги за вршење на градежни работи и монтажа и инсталација на опрема ;

## 1.6 Инвестиции во одгледување на несилки

ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ

- услуги за изработка на проект и техничка документација за градба
- набавка на опрема за одгледување на несилки ;
- набавка на опрема за подготовка и складирање на храната и проверка на квалитетот ;

- набавка на опрема за системи за поење и хранење;
- набавка на инкубатори за живина;
- набавка на опрема за сортирање и чување на јајца и проверка на квалитет
- набавка на опрема за чистење на просторот за одгледување на живина, складирање на ѓубривото и транспорт;
- набавка на градежни материјали или елементи за конструкција на резервоари или платоа за складирање на ѓубривото;
- услуги за вршење на градежни работи и монтажа и инсталација на опрема

## 1.7 Модернизација на пчеларството

ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ

- набавка на рамки и сандаци за пчелни семејства
- набавка на опрема за одгледување на пчели
- набавка на опрема производство на мед и пчелни производи
- услуги за монтажа и инсталација на опрема

КРИТЕРИУМИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНИ БАРЕТЕЛОТ И МАКСИМАЛНА ВРЕДНОСТ НА ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ

| **Инвестиции** | **Земјоделски производен капацитет кој треба да го поседува барателот** | **Максимална вредност на прифатливи трошоци** |
|---|---|---|
| 1.1. Модернизација на лозарството, овоштарството и градинарството (на отворено) | Минимум подигнати површини од 0,2 ха | до 2.500.000,00 денари |
| 1.2. Модернизација на одгледување на житни култури | Минимум засадени површини од 1 ха; | до 6.000.000,00 денари |
| 1.3. Инвестиции за модернизација на производството на индустриски култури (маслодајни, фуражни култури, тутун) вклучително и производство на компир | Минимум површини од 1 ха под маслодајни и фуражни култури;<br>Минимум засадени површини од 0,5 ха за одгледување на тутун и компир | до 4.000.000,00 денари |
| 1.4. Инвестиции за одгледување на цвеќе и украсни дрва и растенија | Минимум површина од 0,1 ха (за подигнување на нови или за обнова на постоечки оранжерии);<br>Минимум површина од 0,3 ха (за набавка на култиватори или мото-култиватори ); | до 3.000.000,00 денари<br>до 5% од вредноста на проектот за услуги за изработка на проект |
| 1.5. Инвестиции во одгледување на говеда за тов (вклучително и телиња од систем крава-теле) | Минимум 15 до максимум 150 грла говеда за тов по турнус<br>Минимум 35 до максимум 180 грла млечни крави (за одгледување на говеда за тов од систем крава-теле) | до 4.500.000,00 денари<br>до 3% од вредноста на проектот за услуги за изработка на проект |
| 1.6 Инвестиции во одгледување на несилки | Минимум 1.000 до максимум 15.000 несилки по турнус | до 1.500.000,00 денари<br>до 3% од вредноста на проектот за услуги за изработка на проект |
| 1.7. Модернизација на пчеларството | Минимум 10 пчелни семејства | до 500.000,00 денари |

## К О Р И С Н И Ц И

Корисник на средства за Мерка 1 може да биде земјоделско стопанство упишано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства согласно Закон за земјоделството и рурален развој при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## П О С Т А П К А   З А   И З Б О Р   Н А   К О Р И С Н И Ц И

Барателите кои ги исполниле условите за стекнување со право на користење финансиска поддршка се рангираат со бодување согласно подоле прикажаната табела. Агенцијата ќе склучи договори во рамките на расположливите средства за секоја подмерка.

| Цели на мерката | Показатели | Бодување | Макс. бодови |
|---|---|---|---|
| Поддршка на индивидуални земјоделски производители на кои земјоделството им е примарна дејност | Барателот е физичко лице регистрирано согласно закон | Да – 30<br>Не – 0 | 30 |
| Поддршка на органското земјоделско производство и воведување на стандарди за квалитет во примарното земјоделско производство | Барателот поседува сертификат за стандарди за квалитет за еколошко, интегрирано или органско производство | Да – 20<br>Не – 0 | 20 |
| Поддршка на млади земјоделци | Барателот е на возраст од 18 до 40 години на денот на поднесување на барањето | Да – 10<br>Не – 0 | 10 |
| Поддршка на жени земјоделци | Одговорно лице е жена | Да – 10<br>Не – 0 | 10 |
| Поттикнување на инвестиции во недоволно развиени подрачја | Местото на инвестицијата е во ридско-планинско рурално подрачје или погранично подрачје | Да – 15<br>Не – 0 | 15 |
| Вредност на предложената инвестиција | да не надминува 1.300.000 денари | Да – 15<br>Не – 0 | 15 |
| **Вкупно бодови** | | | **100** |

## П О Т Р Е Б Н И   Д О К У М Е Н Т И   З А   П Р И Ј А В У В А Њ Е

**Физички Лица**

1. Барање за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година - ПРР А1;

2. Три понуди или профактури со детална спецификација и посебно изразено ДДВ – не постари од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот оглас;
3. Копија од важечка лична карта/пасош на барателот;
4. Потврда за пријавени производни капацитети издадена од подрачна единица на МЗШВ, не постара од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот оглас;
5. Документ за потврдување на статусот на барателот:
   - Решение за упис во регистарот на врштели на земјоделска дејност - копија– издадено од МЗШВ или Тековна состојба издадена од Централниот Регистар на Република Македонија– само доколку стопанството е регистрирано согласно Законот за вршење на земјоделска дејност, или
   - Решение - копија или Потврда за стекнување на статус осигуреник како Индивидуален земјоделец издадени од Фонд за ПИОМ– само доколку е регистриран по основ на Закон за пензиско инвалидско осигурување – или
   - Решение - копија или Потврда од Фонд за ПИОМ за остварување на правото на пензија или извештај за уплатени пензиски примања (од банка) – за пензионери, или
   - Потврда за работен однос издадена од Агенција за вработување – не постара од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот оглас или
   - Потврда за поднесената пријава / одјава на осигурување и работен однос (М1/М2 образец) – копија и Потврда за заснован работен однос издадена од работодавачот - не постара од 1 месец сметано од денот на објавување на јавниот оглас;
6. Договор за услуги за изработка на проект и извод од банкарска сметка со која се докажува плаќањето на услугата – од овластен архитект или инженер. Проектот не смее да биде постар од 01.01.2008 година за трошокот да се смета за прифатлив;
7. Доказ (Уверение,Потврда или друг документ) за бројна состојба на животните по вид и категорија – издадена од официјален ветеринар не постара од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот оглас;
8. Важечко Одобрение за градење од Единица за локална самоупрва за под - мерки 1.1, 1.2, 1.3, 1.4, 1.5 и 1.6 (доколку се работи за инвестиција која вклучува конструкција или реконструкција на објекти освен за подигнување на нови оранжерии) или Потврда од ЕЛС дека е поднесено барање за издавање на Одобрение за градење;
9. Записник за бројна состојба на говеда за тов по турнус издадена од ветеринарен инспектор од подрачна единица на МЗШВ за подмерка 1.5;
10. Записник за бројна сосотба на несилки по турнус издадена од ветеринарен инспектор од подрачна единица на МЗШВ за подмерка 1.6

**<u>Правни Лица</u>**

1. Барање за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година - ПРР А1;
2. Три понуди или профактури со детална спецификација и посебно изразено ДДВ – не постари од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот оглас;
3. Копија од важечка лична карта/пасош на одговорното лице во правното лице;

4. Тековна состојба - не постара од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот оглас –издадена од Централниот регистар на Република Македонија;
5. Потврда дека не се води постапка на стечај - не постара од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот оглас – издадена од надлежен суд или Централниот регистар на Република Македонија;
6. Потврда дека не се води постапка на ликвидација - не постара од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот оглас – издадена од надлежен суд или Централниот регистар на Република Македонија;
7. Потврда за пријавени производни капацитети издадена од подрачна единица на МЗШВ- не постара од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот оглас;
8. Доказ (Уверение, Потврда или друг документ) за платени даноци за 2009 година – издадено од Управата за јавни приходи;
9. Доказ (Уверение, Потврда или друг документ) за платени придонеси по основ на пензиско и инвалидско осигурување - заклучно со декември 2009 година – издадено од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување;
10. Доказ (Уверение, Потврда или друг документ) за платени придонеси по основ на здравствено осигурување - заклучно со декември 2009 година – издадено од Фондот за здравствено осигурување;
11. Договор за услуги за изработка на проект и извод од банкарска сметка со која се докажува плаќањето на услугата – од овластен архитект или инженер. Проектот не смее да биде постар од 01.01.2008 година за трошокот да се смета за прифатлив;
12. Доказ (Уверение,Потврда или друг документ) за бројна состојба на животните по вид и категорија – издадена од официјален ветеринар не постара од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот оглас;
13. Важечко Одобрение за градење од Единица за локална самоупрва за под - мерки 1.1, 1.2, 1.3, 1.4, 1.5 и 1.6 (доколку се работи за инвестиција која вклучува конструкција или реконструкција на објекти освен за подигнување на нови оранжерии) или Потврда од ЕЛС дека е поднесено барање за издавање на Одобрение за градење;
14. Записник за бројна состојба на говеда за тов по турнус издадена од ветеринарен инспектор од подрачна единица на МЗШВ за подмерка 1.5;
15. Записник за бројна сосотба на несилки по турнус издадена од ветеринарен инспектор од подрачна единица на МЗШВ за подмерка 1.6

Барателот е должен да ги достави **сите** потребни документи во зависност од конкретната инвестиција или група на инвестиции.

## НАПОМЕНА ЗА МЕРКА 1

Доколку барателот поседува сертификат за стандарди за квалитет за еколошко, интегрирано или органско производство потребно е да го достави во прилог на задолжителната документација.

# МЕРКА 2 - ИНВЕСТИЦИИ ЗА ДОРАБОТКА, ПРЕРАБОТКА, СКЛАДИРАЊЕ, ПАКУВАЊЕ И МАРКЕТИНГ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

## 2.1 Инвестиции за постигнување на стандардите за безбедност на храна во преработка на земјоделски производи (освен за преработка на овошје и зеленчук, грозје за вино, млеко и млечни преработки и кланични капацитети)

ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ

- услуги за изработка на проект и техничка документација за градба
- набавка на материјали за градба и елементи за конструкција за адаптација на градежни објекти и комунална инфраструктура за  достигнување на стандардите за безбедност на храна
- набавка на материјали за градба, елементи за конструкција и опрема за санитарно-хигиенски простории за вработените, за чување на опрема за чистење
- набавка на опрема за чистење и дезинфекција на машини и алати
- услуги за вршење на градежни работи и монтажа и инсталација на опрема ;.

## 2.2 Инвестиции за воведување или модернизација на производни капацитети за добиточна храна

ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ

- прием и складирање на суровина
- подготовка за преработка и преработка
- пакување и складирање на готов производ вклучително и опрема за утврдување и контрола на квалитет на производите
- услуги за монтажа и инсталација на опрема

## 2.3 Инвестиции за воведување на производни капацитети за производство на меланж

ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ

- прием и складирање на суровина
- подготовка за преработка и преработка
- пакување и складирање на готов производ вклучително и опрема за утврдување и контрола на квалитет на производите
- услуги за монтажа и инсталација на опрема

## 2.4 Инвестиции за воведување на производни капацитети за преработка на компир

ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ

- прием и складирање на суровина
- подготовка за преработка и преработка
- пакување и складирање на готов производ вклучително и опрема за утврдување и контрола на квалитет на производите
- услуги за монтажа и инсталација на опрема

## КРИТЕРИУМИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНИ БАРЕТЕЛОТ И МАКСИМАЛНА ВРЕДНОСТ НА ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ

| Инвестиција | Критериум | Макисмална вредност на прифатливи трошоци |
|---|---|---|
| 2.1. Инвестиции за постигнување на стандардите за безбедност на храна во преработка на земјоделски производи (освен за преработка на овошје и зеленчук, грозје за вино, млеко и млечни преработки и кланични капацитети) | Најмалку 50% од суровината е од домашно производство од земјоделски стопанства врз основа на склучен договор (најмалку за една година) | до 5.000.000,00 денари<br><br>до 5% од вредноста на проектот за услуги за изработка на проект |
| 2.2. Инвестиции за воведување или модернизација на производни капацитети за добиточна храна | Најмалку 50% од суровината е од домашно производство од земјоделски стопанства врз основа на склучен договор (најмалку за една година) | до 5.000.000,00 денари |
| 2.3. Инвестиции за воведување на производни капацитети за производство на меланж | 100% од суровината е од сопствено производство на јајца или<br><br>најмалку 50% е од домашно производство од земјоделски стопанства врз основа на склучен договор (најмалку за една година), а остатокот е обезбеден од суровината од сопствено производство на јајца | до 20.000.000,00 денари |
| 2.4. Инвестиции за воведување на производни капацитети за преработка на компир | најмалку 50% од суровината е од домашно производство од земјоделски стопанства врз основа на склучен договор (најмалку за една година) | до15.000.000,00 денари |

## КОРИСНИЦИ

Корисник на средства за Мерка 2 може да биде приватно правно лице, регистрирано согласно Законот за трговски друштва или Законот за задругите, со број на вработени не помал од 3 лица и не поголем од 50 лица, кои ги исполнуваат минималните услови за вршење на соодветната дејност согласно Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната, Законот за ветеринарно јавно здравство и Законот за сточарство.

## ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА КОРИСНИЦИ

Барателите кои ги исполниле условите за стекнување со право на користење финансиска поддршка се рангираат со бодување согласно подоле прикажаната табела. Агенцијата ќе склучи договори во рамките на расположливите средства за секоја подмерка.

| Цели на мерката | Показатели | Бодување | Макс. бодови |
|---|---|---|---|
| Поддршка за имплементација на стандарди за безбедност на храна и стандарди за квалитет | Инвестицијата е наменета за имплементирање на стандард за безбедност на храна или стандард за квалитет | Да – 25<br>Не – 0 | 25 |
| Поддршка на здружување на земјоделски производители | Подносител на инвестицијата е земјоделска задруга или правно лице регистрирано од здружение на земјоделски производители | Да – 20<br>Не – 0 | 20 |
| Поттикнување на инвестиции во недоволно развиени подрачја | Местото на инвестицијата е во село | Да – 15<br>Не – 0 | 15 |
| Приоритетни сектори | Проектот е наменет за производство на добиточна храна или преработка на млеко во млеко во прав или производство на путер или модернизација на пост- бербени активности за свежо овошје, зеленчук и грозје. | Да – 15<br>Не – 0 | 15 |
| Поддршка на жени претприемачи | Одговорно лице е жена | Да – 15<br>Не – 0 | 15 |
| Вредноста на предложената инвестиција | Да не надминува 1.300.000 денари | Да – 10<br>Не – 0 | 10 |
| **Вкупно бодови** | | | **100** |

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

1. Барање за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година - ПРР А1;
2. Три понуди или профактури со детална спецификација и посебно изразено ДДВ – не постари од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот оглас ;
3. Копија од важечка лична карта/пасош на овластеното лице во правното лице или задругата;
4. Доказ за поседување или располагање со недвижен имот:
   - Имотен или поседовен лист – издаден од Агенција за катастар на недвижности на Република Македонија, не постар од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот оглас,
   - Важечки договор за закуп заверен на нотар и прилог имотен или поседовен лист за објектот на име на закуподавачот издаден од Агенција за катастар на недвижности на Република Македонија, не постар од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот оглас,
   - Важечки договор за предавање на правото на користење - копија;

5. Тековна состојба не постара од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот оглас, издадена од Централен регистар на Република Македонија;
6. Потврда дека не се води постапка на стечај - не постара од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот оглас – издадена од надлежен суд или Централниот регистар на Република Македонија;
7. Потврда дека не се води постапка на ликвидација - не постара од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот оглас – издадена од надлежен суд или Централниот регистар на Република Македонија;
8. Доказ (Уверение, Потврда или друг документ) за платени даноци за 2009 година –- издадено од Управата за јавни приходи;
9. Доказ (Уверение, Потврда или друг документ) за платени придонеси по основ на пензиско и инвалидско осигурување - заклучно со декември 2009 година – издадено од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување;
10. Доказ (Уверение, Потврда или друг документ) за платени придонеси по основ на здравствено осигурување - заклучно со декември 2009 година – издадено од Фондот за здравствено осигурување;
11. Договор за услуги за изработка на проект и извод од банкарска сметка со која се докажува плаќањето на услугата – од овластен архитект или инженер. Проектот не смее да биде постар од 01.01.2008 година за трошокот да се смета за прифатлив;
12. Важечко Одобрение за градење од Единица за локална самоуправа за под - мерка 2.1 (доколку се работи за инвестиција која вклучува конструкција или реконструкција на објекти) или Потврда од ЕЛС дека е поднесено барање за издавање на Одобрение за градење;
13. Решение за исполнување на услови за вршење на соодветна дејност– копија – издадена од Дирекција за храна или Управа за ветеринарство;
14. Решение за недостатоци или Записник за утврдена фактичка состојба – копија – издадена од Дирекција за храна или Управа за ветеринарство;
15. Потврда или Листа за број на вработени лица во правното лице –не постара од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот оглас – издадена од Агенција за вработување на Република Македонија;
16. Потврда дека барателот е регистриран во регистарот на евидентирани објекти за производство на добиточна храна – копија – издаден од Управа за ветеринарство;
17. Записник за исполнување на соодветни услови за производство на добиточна храна – копија – издаден од Државен инспекторат за земјоделстовото;
18. Деловен план.

НАПОМЕНА ЗА МЕРКА 2

За инвестиции кои вклучуваат постигнување на стандарди за безбедност на храна, покрај планираната инвестиција која мора да биде целосно реализирана, барателот се обврзува да ги постигне стандардите во законски определениот рок.

Барателите кои планираат да инвестираат во инвестиции за Мерка 2, во прилог на Барањето заедно со сите пропратни документи, дожни се да доставaт и еден оригинален целосно пополнет примерок на Деловен План. Деловниот План за планираната инвестиција треба да биде изработен согласно Упатството за изготвување на Деловен План.

Доколку барателот ја користи електронската верзија за финансиска анализа задолжително податоците во Деловниот план мора да соодветствуваат со електронската верзија која барателот ја приложува на ЦД заедно со оригиналниот примерок од Деловниот план.

Барателот ја нумерира, потпишува и заверува со печат секоја страница од Деловниот план.

Деловниот План, во текот на евалуацијата на барањето ќе биде оценет од страна на вработените во Агенцијата.

Упатството и Excel моделот за изготвување на Деловен План, барателите можат да го најдат на веб страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) **www. ipardpa.gov.mk.**

# МЕРКА 4 - ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ

Средствата од Мерката 4 од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година се наменети за финансирање на трошоци за изработка на промотивни материјали за рурален туризам како и изградба на пешачки и велосипедски патеки во рурални среднини, односно за следниве групи на инвестиции:

## 4.1 Изработка на брошури, мапи, книги со историски факти за локалитети и знаменитости и книги за традиционални одбележја и културно наследство

ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ

- интелектуални услуги или авторски хонорар за изработка, превод, лектура и рецензија
- трошоци за графичка подготовка за печатење на брошури, мапи, книги;
- трошоци за услуги за печатење на брошури, мапи, книги во не повеќе од 700 примероци на македонски јазик и не повеќе од 1.000 примероци на англиски јазик;

## 4.2 Одбележување на културни и природни знаменитости во рурални средини и рурални сместувалишта

ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ

- услуги за дизајн и изработка на соодветни знаци за одбележување
- оперативни трошоци за поставување на соодветни знаци за одбележување

## 4.3 Изградба на пешачки и велосипедски патеки во рурални средини

ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ

- услуги за изработка на проект и техничка документација за градба
- набавка на градежен материјал и материјал за прекривање на површината на патот
- набавка на опрема за осветлување
- услуги за вршење на градежни работи и монтажа и инсталација на опрема.

## КРИТЕРИУМИ

| Инвестиција | Критериум | Вкупна вредност на одобрени инвестиции по поединечен корисник |
|---|---|---|
| Изработка на брошури, мапи, книги со историски факти за локалитети и знаменитости и книги за традиционални одбележја и културно наследство<br>− интелектуални услуги или авторски хонорар за изработка, превод, лектура и рецензија<br>− трошоци за графичка подготовка за печатење на брошури, мапи, книги;<br>− трошоци за услуги за печатење на брошури, мапи, книги во не повеќе од 700 примероци на македонски јазик и не повеќе од 1.000 примероци на англиски јазик; | Содржината на брошури, мапи или книги да се однесува за одредена рурална средина или рурални средини кои граничат меѓу себе и припаѓаат на една општина | Не повеќе од 500.000,00 денари |
| Одбележување на културни и природни знаменитости во рурални средини и рурални сместувалишта<br>− услуги за дизајн и изработка на соодветни знаци за одбележување<br>− оперативни трошоци за поставување на соодветни знаци за одбележување | / | Не повеќе од 250.000,00 денари |
| Изградба на пешачки и велосипедски патеки во рурални средини | Должина на патеката да не надминува 1км и широчина на патеката која не надминува 3м | Не повеќе од 2.000,000,00 денари<br><br>до 3% од вредноста на проектот за услуги за изработка |

## КОРИСНИЦИ

Корисник на средствата од Мерката 4 се здруженија на граѓани или фондации регистрирани согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации со седиште во руралната средина или општината каде се наоѓа руралната средина.

По исклучок на горенаведеното, корисник на средствата по подмерка 4.3. може да биде самостојно единицата на локалната самоуправа каде се наоѓа руралната средина или јавно-приватно партнерство каде како носител на јавното-приватно партнерство се јавува единицата на локалната самоуправа.

## ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА КОРИСНИЦИ

Изборот на корисниците се врши со проверка на исполнување на условите за користење на мерката. Барателите кои ги исполниле условите за стекнување со право на користење на средства од Мерката 4 се рангираат со бодување во рамките на расположливите средства согласно Програмата за финансиска поддршка на рурланиот развој за 2010 година.

| Цели на мерката | Бодување | Максимум бодови |
|---|---|---|
| Проектот се однесува за развој и унапредување на рурален туризам во одредено населено место | – Ридско-планинско рурално подрачје – 35<br>– Рурално подрачје кое се граничи со национален парк или природен резерват -25<br>– Градско рурално подрачје - 5 | 35 |
| Проектот има за цел да промовира локалитети, културни знаменитости и останати традиционални и природни вредности на месноста за која се однесува | – Проектот е наменет за промоција на археолошки локалитети – 30<br>– Проектот е наменет за промоција на природни реткости – 20<br>– Проектот е наменет за промоција на историски факти и културни вредности – 15 | 30 |
| Проектот се однесува за рурално подрачје во општина со рурален центар | Да – 25<br>Не – 0 | 25 |
| Вредноста на предложената инвестиција не надминува 1.300.000 денари | Да – 10<br>Не – 0 | 10 |
| **Вкупно бодови** | | **100** |

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

***Мерка 4 – Финансиска поддршка на промотивни активности за развој на рурален туризам (освен за подмерка 4.3)***

1. Барање за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година - ПРР А2;
2. Три понуди или профактури со детална спецификација и посебно изразено ДДВ – не постари од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот оглас;
3. Копија од важечка лична карта на овластеното лице;
4. Тековна состојба не постара од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот оглас издадена од Централен регистар на Република Македонија;
5. Акт за основање на здружението или фондацијата – копија;
6. Договор за услуги и извод од банкарска сметка со која се докажува плаќањето на услугата. Договорот не смее да биде постар од 01.01.2010 година за трошокот да се смета за прифатлив;
7. Одобрение/мислење или друг документ кој го издава Единицата на локалната самоуправа или субјектот на управување доколку се работи за национален парк или

заштитено подрачје (само за активности насочени за одбележување на културни и природни знаменитости);

8. Предлог /нацрт содржина или кратко резиме на планираниот промотивен материјал

***Мерка 4.3 Изградба на пешачки и велосипедски патеки во рурални средини***

1. Барање за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година - ПРР А2;
2. Копија од важечка лична карта/пасош од градоначалникот или овластеното лице од градоначалникот;
3. Извештај за ревидирана проектна документација за градба на патна инфраструктура од официјален архитект/инженер;
4. Овластување Б за ревизија на проектна документација од градежништво од Комора на овластени архитекти и инженери;
5. Детален предмер/пресметка за бараната инвестиција со рекапитулар за да се утврди проценетата вредност на инвестиција
6. Договор за услуги за изработка на проект и извод од банкарска сметка со која се докажува плаќањето на услугата – од овластен архитект или инженер. Проектот не смее да биде постар од 01.01.2008 година за трошокот да се смета за прифатлив
7. Тековна состојба - не постара од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот оглас – издадена од Централниот регистар на Република Македонија
8. Согласност од собранието на единицата на локалната самоуправа за намената на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација
9. Договор за јавно-приватно партнерство само во случаи кога единицата на локалната самоуправа е носител на јавното приватно партнерство - копија
10. Одлука за приоритет на проектот од градоначалникот
11. Одлука за приоритет на проектот од Советот на Општината

5

# ПОСТАПКА ПО ПОТПИШУВАЊЕ НА ДОГОВОР

Откако ќе биде завршена инвестицијата корисник треба да достави барање за исплата и останата документација со која ќе се потврди дека инвестицијата е завршена. Документите кои ќе бидат доставени од страна на корисникот треба да бидат заверени со потпис и печат од органот/фирмата која ги издава.

Барање за исплата е унифициран образец кој корисниците ќе го добијат при потпишување на Договорот, за мерките 1, 2 и 4.

Барањата за исплата се доставуваат до Агенцијата согласно временскиот рок определен во Договорот. Корисникот е обврзан своерачно или електронски да го пополни соодветното барањето за исплата и ги достави потребните документи до Агенцијата, притоа наведувајќи за која мерка и тип на инвестиција го поднесува истото.

Проверката на финансиската документација се извршува исклучиво на оригинали или копии заверени на нотар при што во случај да се доставени оригинални документи, по завршување на постапката за одобрување на исплата, Агенцијата ги враќа истите заедно со донесеното решение до крајниот корисник. Истите ќе бидат означени со печат на Агенцијата како би се избегнало понатамошно двојно финансирање.

Доколку документите кои се пропратни кон барањето за исплата се достават по рокот, барањето ќе биде отфрлено и договорениот износ на финансиска поддршка нема да биде исплатен.

Доколку се настанати промени во барањето за исплата т.е се набават активности кои не се предмет на договорот, а притоа не е поднесено барање за анекс на Договор, истото барање нема да биде исплатено, или ќе биде делумно исплатено во зависност од ефектот кој настанатата промена ќе го има врз целокупната инвестиција која е предмет на договорот.

Доколку корисникот не се придржува кон одредбите од Договорот кои се однесуваат на рокот на реализација на инвестицијата барањето за исплата ќе биде одбиено. Треба да се има во предвид дека сите активности настанати пред потпишување на Договорот (освен трошоците направени за интелектуални услуги) нема да се дел од финансиската поддршка. Исто така сите набавени и исплатени активности по рокот за реализација на инвестицијата односно за доставување на барањето за исплата нема да бидат предмет на финансиска поддршка.

По административната проверка доколку барањето за исплата е комплетно и соодветно, предметот ќе биде проверен на лице место од страна на овластени лица на Агенцијата кои имаат за цел да ја проверат реализацијата на инвестициајта во целост и во согласност со договорот. По извршената контрола на лице место, ќе биде изработен извештај во кој детално ќе биде опишана фактичката состојба утврдена на лице место. Истиот треба да биде потпишан од страна на лицата кои ја вршат контролата и од самиот корисник или овластено лице од страна на корисникот. Во случај на забелешка на извршената контрола, корисникот има право истата да ја наведе во извештајот.

По извршената контрола на лице место, се продолжува со обработка на барањето за исплата до донесување на решение, со кое се одобрува, во целост или делумно, или се одбива барањето за исплата.

Корисникот, доколку е незадоволен од одлуката на Агенцијата, има право да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот.

Сите одобрени и исплатени инвестиции ќе бидат предмет на контрола во период од 5 години по исплатата со цел да констатира оддржливоста и непроменетоста на инвестицијата согласно Договорот.

6

# ГЕНЕРАЛНИ НАПОМЕНИ

1. Барателот поднесува уредно и комплетно пополнето барање.
2. Еден барател може да поднесе најмногу две поединечни барања по различни мерки или две поединечни барања по различни под-мерки од Програмата.
3. Барателот ја доставува документација во затворен плик преку пошта на адреса: Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, ул.Скупи 3а, (зграда на Фонко) 1000 Скопје, или со предавање во архивата на Агенцијата секој работен ден од 9:00 до 16:00 часот. На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува "НЕ ОТВАРАЈ" и мерката / подмерката за која аплицира.
4. Барателот ја доставува дополнителната документација во затворен плик преку препорачана пошта на адреса: Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, ул.Скупи 3а, (зграда на Фонко) 1000 Скопје, или со предавање во архивата на Агенцијата секој работен ден од 9:00 до 16:00 часот. На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува "НЕ ОТВАРАЈ" дополна за архивски број кој ќе биде наведен во известувањето за дополнување на барањето.
5. Доколку инвестицијата вклучува градба за која согласно Законот за градба (Службен весник на РМ број 51/05, 82/08, 106/08) е потребно да се издаде одобрение за градба од надлежен орган, барателот е должен истатото да го достави на крајот од реализацијата на инвестицијата односно во прилог на Барањето за исплата.
6. Доколку понудите/про-фактурите кои се доставени во прилог на проектот се од странство, потребно е истите да бидат преведени на македонски јазик од овластен судски преведувач.
7. Доколку барателот не ја одбере најниската понуда/про-фактура, тој е должен во прилог на Барањето да достави образложение за одбраната понуда по однос на цена и технички спецификации во однос на понудата/про-фактурата
8. Доколку инвестицијата вклучува печатење на книги, брошури и мапи, барателот е должен во прилог на барањето за исплата да достави и ISBN број од Национална Универзитетска Библиотека.
9. Исплатата на средства од оваа Програма по корисници ја врши Агенцијата врз основа на претходно одобрени барања со склучен договор за финансиска поддршка за рурален развој и одобрени барања за исплата.
10. Исплатата на средствата ја врши Агенцијата во висина на вредност на прифатливи трошоци согласно Програмата со исклучок на вредноста на јавните давачки по основ на даноци, јавни царински давачки и складиштење, судски такси, лизинг, закупнина, осигурителни премии и надомест за социјално, здравствено и пензиско-инвалидско осигурување.

11. Во случај на поголем број барања од вкупно расположливите средства за Мерка 1, предност имаат физички лица регистрирани согласно Закон за вршење на земјоделска дејност, трговци поединци регистрирани согласно Закон за трговски друштва и индивидуални земјоделци кои се стекнале со статус на осигуреник согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување.
12. Кога корисник е единицита на локалната самоуправа одобрената инвестиција се спроведува согласно одредбите од Законот за јавните набавки.
13. Доколку барателот планира да инвестира во инвестиции за изградба на велосипедски и пешачки патеки во рурални подрачја, инвестицијата мора да биде надополнета со набавка на материјали за осветлување.
14. Одобрените и исплатени средства се неповратни при што корисникот не смее да ја отуѓи инвестицијата ко-финансирана од средствата на оваа Програма во рок од 5 години од денот на исплатата.
15. Доколку вкупната вредност на инвестицијата без ДДВ наведена во барањето, се разликува од вкупната вредност на инвестицијата без ДДВ наведена во профактурата/понудата, или доколку вкупната вредност на инвестицијата без ДДВ наведена во профактурата/понудата се разликува од вкупната вредност на инвестицијата без ДДВ наведена во барањето, Агенцијата како важечка сума за ко-финансирање ке ја земе пониската вредност.
16. Доколку корисникот на средства од Програмата сака да направи измена или дополнување на Договорот (Прилог 1 на ова упатство), истиот е должен да достави барање за измена и дополнување на Договорот.
17. Доколку барателот или корисникот на средства од Програмата ја промени адресата за коресподенција, истиот е должен да ја извести Агенцијата.
18. Доколку барателот се откажува од инвестицијата односно финансиската поддршка од Агенцијата, пред донесување на одлука за ко-финансирање, истиот е должен писмено да ја извести Агенцијата.
19. Сите права на интелектуална сопственост и авторски права со кои се стекнал корисникот на оваа програма мора да бидат отстапени на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
20. Опремата која ќе биде предмет на Договорот треба да биде нова опрема (нова опрема е опрема која е произведена не порано од 2008 година, 2 години од датум наведен во фактурата, кој мора да биде втиснат на опремата).
21. Почеток на реализација на инвестициите е по потпишување на Договорот.
22. Доколку во барањето или понудите-профактурите е наведена сума која го надминува максималниот прифатлив износ по подмерки пропишани по Програмата, во тој случај барањето ќе се смета за несоодветно и ќе биде одбиено.
23. Во случај на инвестиции за кои е потребно доставување на 3 понуди/профактури, барателот јасно да го назначи бројот на одбраната понуда.
24. За рурално подрачје во рамките на оваа програма се смета населено место согласно списокот на рурални подрачја во РМ (сл. Весник 154/2008). Ридско-планинско рурално подрачје се смета рурално подрачје, со просечна надморска височина од 700 м.
25. Пред поднесувањето на барањето барателот е должен да ги има подмирено финансиските обрски по основ на:
    - склучен договор за користење на земјоделско земјиште во државна сопственост, доколку користи земјоделско земјиште во државна сопственост;

- склучените договори по Програмата за зголемување на производство на храна во Република Македонија и проектите кои произлегуваат од истата (2КР).

26. Агенцијата го задржува правото да побара дополнителна документација.

Образецот-Барање за користење на средства заедно со листата на потребни документи кои се доставува во прилог на Барањето може да се подигне на веб страната на Агенцијата: www.ipardpa.gov.mk, во Подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, регионалните центри на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството и архивата на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. За подетално информирање на потенцијалните баратели на финансиска поддршка изготвено е Упатство за корисници за сите мерки кое исто така може да се подигне на гореспоменатите места.

НАПОМЕНА: Во случај на техничка грешка во текстот на ова Упатство важат одредбите од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година и Уредбата за спроведување на политиката на руралниот развој.

Контакт:

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Сектор за одобрување на проекти.

Телефон 02 3097 450, секој работен ден од 10.00 до 14.30 часот

Е-пошта: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk

7

# ПРИЛОЗИ

## ПРИЛОГ 1 – МОДЕЛ НА ДОГОВОР

Врз основа на член 12 став 1 точка 13, а во врска со член 6 став 1 точка 4 од Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (“Службен весник на Република Македонија” бр.72/2007 и 05/2009), Јавниот оглас бр._________ објавен на __________ за поднесување на барања за финансиска поддршка од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој 2010 (“Службен Весник на Република Македонија” бр. 08/2010), Уредбата за спроведување на политиката за рурален (“Службен Весник на Република Македонија” бр. 54/08, 53/09и 122/09 ) Решение бр.________ издадено од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој

**ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ:**

1. Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, како давател на финансиска поддршка (во понатамошниот текст: АФПЗРР) претстав увана од Директорот __________________________,
со седиште на “Бул. III Македонска Бригада, бб (зграда на Македонија Табак блок Ц), 1000 Скопје, и со адреса за коресподенција ________________________________________

од една страна, и

2. ___________________________ со Даночен број /*Единствен матичен број доколку се работи за физичко лице*, како страна на која и е одобрена финансиска поддршка (во понатамошниот текст: Корисник), претставуван од управителот ___________________ со единствен матичен број ______________________,
седиште и адреса:
____________________________________
место на инвестицијата предмет на овој договор: __________________________________________

од друга страна,

го склучија следниот:

**ДОГОВОР ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА**

**Бр. (___________)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**
**Предмет на Договорот**

(1) Со овој договор се уредуваат правата и обврските на договорните страни во врска со исплатата и користењето на финансиската поддршка од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој 2010, одобрена со Решение бр. _______ од ________.
(2) Финансиската поддршка ќе се користи согласно со:
Мерката
Група инвестиции ________________________________________
(3) Целокупната инвестиција детално по опрема, количина, активности, цена и ко-финансирана сума е наведена во Прилог 2 кој е составен дел на овој договор.

**Член 2**
**Договорен износ**

(1) Вкупна одобрена вредност на инвестицијата е до__________________ МКД (со зборови__________).
(2) Финансиската поддршка согласно Решението бр. _____ изнесува до _______________ МКД (со зборови ________________) т.е. _____% од вкупно одобрена вредност на инвестицијата.
(3) АФПЗРР ќе исплати _____% од реално направените, оправданите и прифатливите трошоци, но не повеќе од износот од став 2 на овој член и не повеќе од износот за поединечни стоки и услуги наведен во Прилог 2 на овој договор, дури и во случај реално направените трошоци да го надминуваат одобрениот износ.

## II. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

**Права на корисникот**
**Член 3**

(1) Корисникот има право на финансиска поддршка до износот наведен во член 2 став 2 од овој договор, односно до износот за поединечни стоки и услуги наведен во Прилог 2, согласно начинот, условите и роковите утврдени во овој договор.
(2) Корисникот има право да бара измени и дополнувања на Договорот најдоцна 15 дена пред истекот на рокот за реализација на инвестицијата предмет на овој договор, утврден во член 4 став 2 на овој договор.
(3) Корисникот има право да бара измени и дополнувања на Договорот поради:

а) продолжување на рокот за завршување на инвестицијата предмет на овој договор (член 4, став 2);
б) промена во типот/моделот на наведените стоки или услуги кои се дел од инвестицијата, предмет на овој договор (Прилог 2);
в) промена на дел од инвестицијата, предмет на овој договор (Прилог 2);

(4) Корисникот има право да бара измени и дополнувања на Договорот по однос на став 3 точка б) и в) од овој член само во случај на:

- престанок на производство на одредени стоки кои се дел од инвестицијата предмет на овој договор;
- промени како резултат на потребата за усогласување на инвестицијата предмет на овој договор со законодавството; и
- воведување на нови технологии кои можат да ја подобрат ефикасноста на инвестицијата.

(5) Корисникот или негов овластен претставник има право да ги наведе своите забелешки во извештајот за извршена контрола на лице место и истиот да го потпише.

**Обврски на корисникот**
**Член 4**

(1) Корисникот се обврзува да ја заврши инвестицијата со сопствени парични средства во износ наведен во Прилог 2 на овој договор.
(2) Корисникот се обврзува да ја заврши инвестицијата од член 1 и согласно Прилог 2 на овој договор во рок од _________ дена од денот на потпишувањето на овој договор.

(3) Корисникот се обврзува да поднесе барање за исплата и потребна документација најдоцна во рок од 10 дена по истекот на рокот став (2) на овој член.
(4) Корисникот се обврзува да го поднесе барањето за исплата по пошта или лично во АФПЗРР. Образецот на барањето за исплата, како и листата на документи кои барателот е должен да ги достави во прилог на барањето за исплата се дадени во Прилог 3 и се составен дел на овој договор.
(5) Корисникот се обврзува сите плаќања кон трети лица кои произлегуваат од спроведувањето на инвестицијата предмет на овој договор да ги изврши согласно рокот утврден во став (2) на овој член.
(6) Корисникот се обврзува во прилог на писменото барање за измени и дополнувања на Договорот да достави соодветни документи како доказ за исполнување на одредбите од член 3 став (2) и (3).
(7) Корисникот се обврзува на барање на АФПЗРР да доставува информации/податоци.
(8) Корисникот се обврзува веднаш да ја извести АФПЗРР доколку настанат околности кои имаат влијание врз спроведувањето на инвестицијата предмет на овој договор.
(9) Корисникот се обврзува да обезбеди целосен и непречен пристап на овластените лица на АФПЗРР до документите, објектите, опремата и имотот кои се од значење/поврзани за/со инвестицијата, за време на контролата на лице место, како и при спроведувањето на надзорот над овој договор за целото негово времетраење.
(10) Корисникот или овластен претставник се обврзува да се легитимира на барање на овластените лица од АФПЗРР за време на контролата на лице место.
(11) Корисникот се обврзува да не ја отуѓува, дава под закуп или заем инвестицијата предмет на овој договор за целото негово времетраење.
(12) Корисникот се обврзува да не ја менува намената и целта на инвестицијата предмет на овој договор за целото негово времетраење.
(13) Корисникот се обврзува да не го менува местото на инвестицијата, предмет на овој договор, освен доколку се работи за инвестиција во механизација односно приклучна механизација.
(14) Корисникот се обврзува да ги чува оригиналните документи кои се однесуваат на предметот на овој договор за целото негово времетраење.
(15) Корисникот се обврзува дека нема да користи неповратна финансиска помош од други фондови за финансирање на инвестицијата предмет на овој договор.
(16) Корисникот се обврзува во случај на исплата на повеќе средства од одобрените со решението за исплата донесено од АФПЗРР, веднаш да го врати износот кој преставува разлика меѓу исплатениот и одобрениот износ, а во спротивно АФПЗРР ќе пресметува казнена камата.
(17) Корисникот се обврзува да ја извести АФПЗРР за настанатите промени во личните податоци (име презиме, назив на фирма, адреса,).
(18) К орисникот се обврзува во рок од пет дена од денот на извршувањето на исплатата на видливо место да истакне налепница, доделена од страна на АФПЗРР на која е наведено дека инвестицијата е финансирана со средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година и истата да не ја отстрани за целото времетраење на овој договор.

**Права на АФПЗРР**
**Член 5**

(1) АФПЗРР има право да врши контрола на лице место за целото времетраење на овој договор.
(2) АФПЗРР има право да бара дополнување или појаснување на барањето за исплата, како и на потребните документи во прилог на барањето во однапред утврден рок.
(3) АФПЗРР има право да бара информации, податоци и материјали потребни за следење, евалуација и контрола на лице место на инвестицијата, како и да бара слободен пристап до објектите, просториите, опремата и имотот поврзани со инвестицијата предмет на овој договор.
(4) АФПЗРР има право да го отфрли барањето за исплата ако Корисникот не го поднесе согласно рокот утврден во член 4, став 3 на овој договор односно не го дополни или појасни барањето или потребните документи во однапред утврдениот рок.
(5) АФПЗРР има право да го о дбие барањето за исплата доколку Корисникот започнал со реализација на инвестицијата пред потпишувањето на овој договор, освен за трошоците за

интелектуални услуги за изработка на градежен, електрификациски проект, проекти за реконструкција.

(6) АФПЗРР има право да го одбие барањето за исплата, во целост или делумно, доколку Корисникот не ја заврши инвестицијата која е предмет на овој договор согласно член 4, став (2) и (5) од овој договор, односно не ја спроведе инвестицијата согласно условите утврдени со овој договор.

(7) АФПЗРР има право на својата интернет страна да ги објави следниве податоци за Корисникот:

- име и презиме *(кога Корисник е физичко лице)* или целосен назив според регистрација *(кога Корисник е правно лице)*,
- општина во која престојува или е регистриран корисникот, поштенски број и
- износот на финансиската поддршка во денари од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година.

(8) АФПЗРР има право да го одбие барањето за измени и дополнување на Договорот доколку:

- доведува до неизводливоста на инвестицијата;
- со тоа би се надминал максималниот период за реализација на инвестицијата;
- е во спротивност со националната важечка регулатива.

(9) АФПЗРР има право да бара поврат на исплатената финансиската поддршка доколку Корисникот:

а) доставил не точни податоци врз основа на кои се стекнал со финансиска поддршка од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година,

б) користел неповратна финансиска помош од други фондови за финансирање на инвестицијата предмет на овој договор,

в) ја отуѓува, дава под закуп, заем или ја менува намената и целта на инвестицијата, предмет на овој договор,

г) извршил промена на местото на инвестицијата предмет на овој договор,

д) примил повеќе средства од оние одобрени со решението за исплата, поради административна грешка на АФПЗРР,

ѓ) не обезбеди целосен и непречен пристап на овластените лица на АФПЗРР до документите, објектите, опремата и имотот кои се од значење/поврзани за/со инвестицијата, за време на контролата на лице место, како и при спроведувањето на надзорот над овој договор за целото негово времетраење,

е) во други случаи утврдени соглас но Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

(10) АФПЗРР има право, во случај на поврат на средства од став (8) точки а), б), в), г), ѓ) и е) на овој член, да пресмета казнена камата од денот на исплата на финансиската поддршка до денот на повратот на средствата. Во случајот од став (8) точка д) на овој член, казнената каматата ќе се пресметува по истекот на рокот за поврат на средства утврден во Решението за поврат на средства донесена од АФПЗРР.

(11) АФПЗРР има право да поведе извршна постапка во случај Корисникот да не изврши поврат на средства во рок од 15 дена од приемот на Решението за поврат на средства.

**Обврски на АФПЗРР**

**Член 6**

(1) АФПЗРР се обврзува да изврши исплата на финансиската поддршка доколку се исполнети условите од овој договор.

(2) АФПЗРР се обврзува да спроведе контрола на лице место преку овластени контролори кои се должни да се легитимираат пред Корисникот или овластен претставник.

(3) АФПЗРР се обврзува со личните податоци на Корисникот да постапува согласно прописите од областа на заштита на лични податоци.

**Општи трошоци**
**Член 7**

(1) Трошоците направени од страна на Корисникот во насока на реализација на инвестицијата пред потпишувањето на овој договор нема да бидат предмет на финансиската поддршка, освен трошоците кои се направени за интелектуални услуги за изработка на градежен, електрификациски проект, проект за реконструкција по 01.01.2009 година.
(2) Висината на трошоците од став (1) на овој член се пресметува врз основа на одобрениот износ за исплата.

## III. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 8**

(1) Овој договор може да се раскине:
- со взаемна согласност на договорните страни,
- еднострано од страна на АФПЗРР доколку Корисникот не се придржува кон одредбите на овој договор, или
- еднострано од страна на Корисникот, само пред исплата на финансиската поддршка.

(2) Во случај на раскинување на Договорот согласно став 1 алинеја 2 на овој член, АФПЗРР веднаш ќе го извести Корисникот.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 9**

(1) Корисникот изјавува под целосна морална, материјална и кривична одговорност, дека сите податоци содржани во извештаите и документите доставени до АФПЗРР се точни и автентични.
(2) Корисникот изјавува дека не започнал со реализација на инвестицијата која е предмет на овој договор пред истиот да стапи на сила.
(3) Заради обезбедување на информации за документите кои треба да се достават во прилог на барањето за измени и дополнувања на Договорот, како и поради доставување на истите до АФПЗРР Корисникот е согласен да се обрати до АФПЗРР на следнава адреса: _______________
Контакт телефон:_________________
Интернет адреса:________________ .

**Стапување во сила и времетраење на Договорот**
**Член 10**

(1) Со потпишување на овој договор, договорните страни ја изразуваат својата слободна волја, потврдуваат дека го прочитале и го разбрале Договорот и дека се согласуваат со правата и обврските кои произлегуваат од него како и со неговите правни последици.
(2) Овој договор ќе стапи на сила на денот на неговото потпишување од двете договорни страни и ќе биде во сила пет години по последната од страна на АФПЗРР.

**Прилози**
**Член 11**

Следните Прилози претставуваат составен дел на овој договор:
1. Прилог 1 – Дефиниции
2. Прилог 2– Табела за користење на финансиска поддршка по стоки и услуги
3. Прилог 3 – Образец на барање за исплата

**Спорови**
**Член 12**

За споровите кои произлегуваат од овој договор надлежен ќе биде Управниот суд на Република Македонија.
Двосмислени или неразбирливи одредби од овој договор се толкуваат во полза на АФПЗРР.

**Примероци**
**Член 13**

Овој договор е склучен во четири идентични примероци, по два за секоја договорна страна.

Дата, 00.00.2010 | Дата, 00.00.2010

Архивски бр. _______/____

Директор на АФПЗРР: | Корисник:

_____________________ | ______________

## ПРИЛОГ 1 НА ДОГОВОРОТ – ДЕФИНИЦИИ

Во контекст на овој договор, изразите кои се користат во овој договор го имаат следното значење:

- "Вкупна одобрена вредност на инвестицијата" се трошоците кои АФПЗРР ги одобрува како прифатливи за ко-финансирање согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година;
- "Финансисика поддршка" се средствата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година кои АФПЗРР ги ко-финансира во согласност со овој договор;
- "Почеток на спроведување на инвестицијата" значи превземање на било какви обврски на сметка на одобрениот износ, потпишување на договори со трети лица за вршење на дејности предмет на овој Договор, нарачка на материјали, опрема и други слични активности, освен активности кои спаѓаат во општи трошоци.
- „Реализирана инвестиција " е инвестицијата која е изградена, испорачана, платена и се наоѓа на местото на инвестицијата наведено во овој договор.

# ПРИЛОГ 2 – ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ КОИ СЕ ДОСТАВУВААТ СО БАРАЊЕТО ЗА ИСПЛАТА

## Мерка 1

1. Фактури кои ги докажуваат реализираните трошоци со потпис и печат (оргинал или копија заверена на нотар)
- при увоз, странската фактура да биде пропратена со превод од овластен судски преведувач
2. Детални испратници за испорачаната опрема со потпис и печат (оргинал или копија заверена на нотар)
3. Извод од банка што го докажува плаќањето (оргинал, со печат/потпис од овластено лице во банката)
- при увоз, SWIFT е релевантен документ за плаќања во странство
4. Налог за плаќање ПП30 со кој се извршува плаќањето (оргинал или копија заверена на нотар)
- при увоз, релевантен документ е акредитив - налог 1450 за плаќања во странство
5. Царинска декларација - во случај на увоз на стока (копија)
6. Товарен лист - во случај на увоз на стока (копија)
7. Градежна книга - во случај на градежни активности (примерок заверен со потпис и печат од овластениот надзорен инженер)
8. Одобрение за градба (доколку не е поднесена при аплицирање)
9. Употребна дозвола - во случај на градежни активности (копија)

## Мерка 2

1. Фактури кои ги докажуваат реализираните трошоци со потпис и печат (оргинал или копија заверена на нотар)
- при увоз, странската фактура да биде пропратена со превод од овластен судски преведувач
2. Детални испратници за испорачаната опрема со потпис и печат (оргинал или копија заверена на нотар)
3. Извод од банка што го докажува плаќањето (оргинал, со печат/потпис од овластено лице во банката)
- при увоз, SWIFT е релевантен документ за плаќања во странство
4. Налог за плаќање ПП30 со кој се извршува плаќањето (оргинал или копија заверена на нотар)
- при увоз, релевантен документ е акредитив - налог 1450 за плаќања во странство
5. Царинска декларација - во случај на увоз на стока (копија)
6. Доказ за постигнати стандарди за безбедност на храна, документ издаден од Дирекција за храна или Управа за ветеринарство
7. Товарен лист - во случај на увоз на стока (копија)
8. Градежна книга - во случај на градежни активности (примерок заверен со потпис и печат од овластениот надзорен инженер)
9. Одобрение за градба (доколку не е поднесена при аплицирање)
10. Употребна дозвола - во случај на градежни активности (копија)

## Мерка 4

1. Фактури кои ги докажуваат реализираните трошоци со потпис и печат (оргинал или копија заверена на нотар)
- при увоз, странската фактура да биде пропратена со превод од овластен судски преведувач
2. Детални испратници за испорачаната опрема со потпис и печат (оргинал или копија заверена на нотар)
3. Извод од банка што го докажува плаќањето (оргинал, со печат/потпис од овластениот во банката)
- при увоз, релевантен документ е SWIFT за плаќања во странство
4. Налог за плаќање ПП30 со кој се извршува плаќањето (оргинал или копија заверена на нотар)
- при увоз, релевантен документ е акредитив - налог 1450 за плаќања во странство
5. Примерок од отпечатени брошури, мапи или книги
6. Градежна книга – (примерок заверен со потпис и печат од овластениот надзорен инженер)
7. Употребна дозвола (само за 4.3)
8. Одобрение за градба (доколку не е поднесена при аплицирање)
9. Тендерско досие (само за 4.3)

# ПРИЛОГ 3 – ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОГОВОРИТЕ

Временската рамка се однесува за секоја подмерка пооделно сметано еден ден по денот на потпишување на договорот. Во било кој случај (одложувања од објективни причини и слично) крајниот рок не смее да биде подолг од 01.12.2010 година.

| ***Мерка 1*** | ***Инвестиции за подобрување на конкурентност и модернизација на земјоделски стопанства*** | ***Рок за реализација на инвестицијата, сметано еден ден по денот на потпишувањето на договот (изрзено во денови)*** |
|---|---|---|
| 1.1 | Модернизација на лозарството, овоштарството и градинарството (на отворено) | 75 |
| 1.2. | Модернизација на одгледување на житни култури | 75 |
| 1.3 | Модернизација на производството на индустриски култури (маслодајни, фуражни култури, тутун) вклучително и производство на компир | 75 |
| 1.4 | Инвестиции за одгледување на цвеќе и украсни дрва и растенија | 75 |
| 1.5 | Инвестиции во одгледување на говеда за тов (вклучително и телиња од систем крава-теле) | 75 |
| 1.6 | Инвестиции во одгледување на несилки | 75 |
| 1.7 | Модернизација на пчеларството | 50 |
| ***Мерка 2*** | ***Инвестиции за доработка, преработка, складирање, пакување и маркетинг на земјоделски производи*** | |
| 2.1 | Инвестиции за постигнување на стандардите за безбедност на храна во преработка на земјоделски производи (освен за преработка на овошје и зеленчук, грозје за вино, млеко и млечни преработки и кланични капацитети) | 100 |
| 2.2 | Инвестиции за воведување или модернизација на производни капацитети за добиточна храна | 100 |
| 2.3 | Инвестиции за воведување на производни капацитети за производство на меланж | 100 |
| 2.4 | Инвестиции за воведување на производни капацитети за преработка на компир | 100 |
| ***Мерка 4*** | ***Финансиска поддршка на промотивни активности за развој на рурален туризам*** | |
| 4.1 | Изработка на брошури, мапи, книги со историски факти за локалитети и знаменитости и книги за традиционални одбележја и културно наследство | 45 |
| 4.2 | Одбележување на културни и природни знаменитости во рурални средини и рурални сместувалишта | 90 |
| 4.3 | Изградба на пешачки и велосипедски патеки во рурални средини | *180* |

**За повеќе информации за можностите кои ги нуди Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година:**

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**
**Ул. Беласица бр. 2, 1000 Скопје**
**Телефон: 02/3110-887**

**Агенцијата за поттикнување на развој во земјоделството**
**(најблиските регионални центри или работни единици)**
**Телефон: 047/ 228-330**
**047/228-370**

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**
**Ул. Скупи 3а, 1000 Скопје**
**Телефон: 02/ 3097-460**

**Copyright © 2010**

# У П А Т С Т В О

## ЗА КОРИСНИЦИ НА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2010 ГОДИНА

Ова Упатство е **БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК** наменет за потенцијалните корисниците на средствата од **Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година** во кој се содржани сите информации за критериумите, условите за прифатливост на проектите и условите за финансирање и останати информации кои се неопходни за изготвување на „Барањето за користење на средства".

Примероците од ова Упатство заинтересираните можат да ги подигнат директно во:

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,**
**ул. Скупи бр. 3-а, (зграда Фонко)**
**1000 Скопје**

**Агенцијата за поттикнување на развој во земјоделството**
**(најблиските регионални центри или работни единици)**

електронска верзија на пакетот за аплицирање на веб-адресата на Агенцијата:
www.ipardpa.gov.mk